## НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА ПРЕДМЕТОТ
# ОПШТ ДЕЛ НА ГРАЃАНСКОТО ПРАВО

## I. Податоци за раководителот на предметната програма и предметните наставници

| **Име и презиме:** | **Научен степен и академско звање:** |
|---|---|
| Проф. д-р Родна Живковска | VIII доктор на науки |
| Проф. д-р Тина Пржеска | VIII доктор на науки |

## II. Податоци за соработниците и другите предавачи на предметната програма

| **Име и презиме на соработникот:** | **Научен степен и академско звање на соработникот:** |
|---|---|
| **Други предавачи (експерти од практиката):** | |

## III. Основни податоци за предметната програма

| **Назив на предметната програма:** Општ дел на граѓанското право | |
|---|---|
| **Код на предметната програма:** 508031 | **Број на кредити:** 4 |
| **Вкупно часови настава:** 30 | **Број на страници задолжителна литература:** 230 |
| **Студиска година кога се изучува предметната програма:** I година | **Семестар во кој се изучува предметната програма:** 2 семестар |

## IV. Опис на предметната програма и клучни зборови (термини)

**Опис на предметната програма**

Општиот дел на граѓанското право е дел од граѓанското право (имотното) право кое, како гранка на правниот систем, ги уредува имотноправните односи. Тоа се оние односи кои согласно со пандектниот систем настануваат по повод власта на стварите, размената и наследувањето.

Во рамките на предметот Општ дел на граѓанското право се изучуваат повеќе тематски прашања: изворите, толкувањето, класификацијата на нормите, имотно-правниот однос (претпоставки и содржина за настанување), субјективитетот во имотното право (физичките и правните лица, правните факти како извори за настанување на имотните односи (настаните и човековите дејствија – дозволени и недозволени), вршење на правата (злоупотреба, колизија и застареност), застапништвото и други.

**Клучни зборови (термини) за предметната програма**

Граѓанско право, Општ дел на граѓанското право, граѓанскоправни односи, имотни односи, граѓански субјективни права

## V. Цели и резултати што треба да се постигнат

| Цели и резултати што треба да се постигнат |
|---|
| Наставната програма по предметот општ дел на граѓанско право право има за цел студентите да се стекнат со теоретски познавања од областа на општиот дел на граѓанското право.<br>Од студентот се очекува преку наставната програма да се запознае системот на граѓанското право и граѓанскоправните институти што постојат во правниот систем на Република Македонија. Пред се. студентот треба да знае кои правни гранки го сочинуваат граѓанското право како семејство од правни гранки, кои се граѓански субјективни права, каква е нивната содржина, што претставува граѓанскоправниот субјективитет итн.<br>Исто така, студентот преку наставната програма ќе има можност да се запознае со компаративното право од оваа област на земјите од соседството, на земјите членки на Европската унија, како и со англосаксонското право. |

## VI. Методологија на предавање

| Методологија на предавање |
|---|
| Наставата по предметот општ дел на граѓанското право е организирана на начин што им овозможува на студентите интерактивно да учествува на предавањата.<br>Студентите во текот на предавањата ќе можат да земат учество во наставата преку подготовка и презентација на теми од областа на општиот дел на граѓанското право. Покрај тоа, во текот на наставата студентите имаат можност да учествуваат во наставата со активност на предавањата преку која студентот ќе ги покаже своите познавања од областа на општиот дел на граѓанското право како и својата способност за критичка анализа и компарација на граѓанскоправните институти. Студентите, исто така, ќе имаат можност да учествуваат во наставата преку подготовка на дебати и други проекти.<br>Секоја форма на учество на студентите во текот на наставата ќе биде соодветно вреднувана како активност (што е составен дел од формулирањето на крајната оценка на студентот). |

## VII. Детална структура на предметната програма

| **Недела бр. 1** | **број на часови: 2,5** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>**Значење на поимот граѓанско право** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска, *Општ дел на граѓанското право*, Европа 92, Скопје 2011, стр. 1-59 и Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 1-31.** |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>➢ **Значење на поимот граѓанско право**<br>1. Граѓанското право како субјективно право<br>2. Граѓанското право како објективно право<br>3. Граѓанското право како правна наука<br>4. Интертемпорално граѓанско право<br>5. Меѓународно граѓанско право | |

6. Граѓански права
- **Називот граѓанско право**
- **Определување на поимот граѓанско право**
1. Критериуми за определување на поимот граѓанско право
2. Предмет на граѓанското право
3. Метод на граѓанското право

А) Основни принципи на граѓанскоправниот метод:
- Принципот на слободна иницијатива
- Принципот на еднаквост
- Принципот на преносливост
- Принципот на имотна санкција

Б) Дополнителни принципи на граѓанскоправниот метод:
- Праведност (правичност)
- Правна сигурност
- Совесност

- **Дефинирања на граѓанското објективно право**
- **Вежби од Практикумот**

| **Недела бр. 2** | **број на часови:2,5** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>**Извори на граѓанското право** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 31-81.** |

**Детална структура на тематската целина:**
- **Извори на граѓанското право**
1. Извори на стварното право
2. Извори на облигационото право
3. Извори на наследното право
- **Класификации и Толкувања на нормите на граѓанското право**
1. Класификации на нормите на граѓанското право
- Според содржината на нормата
- Според правното дејство на нормата
- Според целта на нормата
2. Толкувања на нормите на граѓанското право
- Службено (официјално) толкување и Неслужбено (приватно) толкување
- Метод на толкување на граѓанско-правните норми
- **Граѓанскоправен однос**
1. Граѓанско субјективно право
2. Граѓанска субјективна обврска
3. Правна сила, Преклузивност, Правна состојба, Правен статус
- **Вежби од Практикумот**

| **Недела бр. 3** | **број на часови: 2,5** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>**Правните субјекти и нивниот субјективитет** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска, *Општ дел на граѓанското право*, Европа 92, Скопје 2011, стр. 67-87 и 122-125 и Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 81-107.** |

**Детална структура на тематската целина:**
- **Правните субјекти и нивниот субјективитет**
- **Субјективитетот на физичките лица во граѓанското право**
- **Правна способност на физичките лица**
1. Поимот правна способност

2. Видови правна способност
3. Општа правна способност
4. Посебна правна способност
5. Ограничена правна способност

- **Вежби од Практикумот**

| | |
|---|---|
| **Недела бр. 4** | **број на часови: 2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Правните субјекти и нивниот субјективитет** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска, *Општ дел на граѓанското право*, Европа 92, Скопје 2011, стр. 125-159 и Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 81-104.** |

**Детална структура на тематската целина:**

- **Деловна способност**

1. Поимот деловна способност
2. Услови за стекнување деловна способност
3. Видови деловна способност
4. Престанување на деловната способност

- **Деликтна способност**
- **Атрибути на физичките лица**

1. Лично име
2. Живеалиште – Престојувалиште
3. Државјанство

- **Средство и ознака за идентификација на физичкото лице**
- **Матични книги**
- **Способност да се биде странка, парнична способност и парнична легитимација**
- **Вежби од Практикумот**

| | |
|---|---|
| **Недела бр. 5** | **број на часови: 2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Објекти на граѓанскоправниот однос, Правни факти, Стекнување, промена и престанок на граѓанските субјективни права** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 107-135.** |

**Детална структура на тематската целина:**

- **Објекти на граѓанскоправниот однос**

1. Стварно право
2. Облигационо право
3. Наследно право
4. Имот
5. Множина на објекти

- **Правни факти**

1. Настани;
2. Човекови дејствија:
   - позитивни и негативни човекови дејствија
   - дозволени и недозволени човекови дејствија
3. Поединечните акти на државните органи како правни факти;
4. Правните факти според функцијата и начинот на утврдување
   - фактички состојби (збир од факти) и основни факти
   - претпоставки и фикции

- **Стекнување, промена и престанок на граѓанските субјективни права**

1. Стекнување на граѓанските субјективни права
   - оригинерно стекнување

| | |
|---|---|
| - деривативно стекнување<br>2. Промена на граѓанските субјективни права<br>- во стварното право<br>- во облигационото право<br>- во наследното право<br>3. Престанок на граѓанските субјективни права<br>➢ **Вежби од Практикумот** | |
| **Недела бр. 6** | **број на часови: 2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Правни дела** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 135-185.** |
| **Детална структура на тематската целина:**<br>➢ **Правни дела**<br>1. Поим и елементи на правното дело<br>- Поим на правното дело<br>- Елементи на правното дело (битни елементи, природни елементи и случајни елементи)<br>2. Видови на правни дела<br>- еднострани, двострани и повеќестрани правни дела<br>- товарни и даровни правни дела<br>- еквивалентни и алеаторни правни дела<br>- каузални и апстрактни правни дела<br>- формални и неформални правни дела<br>- самостојни и несамостојни правни дела<br>- правни дела по повод смртта, правни дела за време на живот и мешовити правни дела<br>➢ **Вежби од Практикумот** | |
| **Недела бр. 7** | **број на часови: 2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Правни дела** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 135-185.** |
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>➢ **Правни дела**<br>1. Изјава на волјата<br>2. Форма на договорот<br>3. Случаи на несогласување на волјата со изјавата<br>4. Модификации на правните дела<br>- услов<br>- рок<br>- налог<br>5. Обезбедување на правните дела<br>6. Неважност на правните дела<br>➢ **Вежби од Практикумот** | |
| **Недела бр. 8** | **број на часови:2,5** |
| **назив на тематската целина:** | **задолжителна литература:** |

| | |
|---|---|
| **Вршење на граѓанските субјективни права** | **Р. Живковска, *Општ дел на граѓанското право*, Европа 92, Скопје 2011, стр. 159-195 и Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 189-197.** |

**Детална структура на тематската целина:**

- **Вршење на граѓанските субјективни права**

1. Поимот вршење на граѓанските субјективни права
- Слобода во вршење на граѓанските субјективни права
- Граници во вршење на граѓанските субјективни права
2. Злоупотреба на правата
- Поимот злоупотреба на правата
- Историски развој на институтот злоупотреба на правата
- Концепции за злоупотреба на правата
3. Колизија, кумулација и конкуренција на права

- **Вежби од Практикумот**

| | |
|---|---|
| **Недела бр. 9** | **број на часови: 2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Застапништво** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска, *Општ дел на граѓанското право*, Европа 92, Скопје 2011, стр. 195-239 и Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 227-237.** |

**Детална структура на тематската целина:**

- Застапништво

1. Причини за појава на застапништвото
2. Поим и цел на застапништвото
3. Страни на застапништвото
4. Елементи на застапништвото
5. Видови застапништво
6. Појава, развој, правна природа и функции на застапништвото

- **Вежби од практикумот**

| | |
|---|---|
| **Недела бр. 10** | **број на часови:2,5** |
| **назив на тематската целина:**<br>**Застареност и Преклузивност** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска, *Општ дел на граѓанското право*, Европа 92, Скопје 2011, стр. 239-265 и Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 197-209.** |

**Детална структура на тематската целина:**

- **Застареност**

1. Поимот застареност
2. Услови и правно дејство на застареноста
3. Откажување од застареност
4. Исполнување на застарено побарување
5. Функции на застареноста

- **Преклузивност**

1. Поимот преклузивност
2. Видови преклузивни рокови

| |
|---|
| 3. Разлики и сличности меѓу затарените и преклузивните рокови<br>4. Правно дејство на преклузивноста<br>➢ **Вежби од Практикумот** |

| **Недела бр. 11** | **број на часови: 2,5** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>**Заштита на граѓанските субјективни права** | **задолжителна литература:**<br>**Р. Живковска, *Општ дел на граѓанското право*, Европа 92, Скопје 2011, стр. 265-293 и Р. Живковска, Т. Пржеска, Општ *дел на граѓанското право* – Практикум; Еропа 92, Скопје, 2011, стр. 209-227.** |

| |
|---|
| **Детална структура на тематската целина:**<br><br>➢ **Заштита на граѓанските субјективни права**<br>1. Поим и гаранции на заштитата на граѓанските субјективни права<br>2. Облици на заштита на граѓанските субјективни права<br>3. Заштита на граѓанските субјективни права од страна на државните органи<br>- Судска заштита на граѓанските субјективни права<br>- Заштита на граѓанските субјективни права пред органите на државната управа<br>4. Заштита на граѓанските субјективни права од страна на недржавни институции и лица<br>- Облици на алтернативно решавање на споровите чија цел е постигнување компромис меѓу страните<br>- Облици на алтернативно решавање на споровите чија цел е дефинитивно разрешување на спорот<br>5. Самозаштита на граѓанските субјективни права<br>- Поимот самозаштита<br>- Нужна одбрана<br>- Крајна нужда<br>- Право на задржување<br>- Дозволена самопомош |

| **Недела бр. 12** | **број на часови: 2,5** |
|---|---|
| **назив на тематската целина:**<br>**Разлики меѓу правните системи** | **задолжителна литература:**<br>**Џ. Гордли, *Основи на приватното право: сопственост, деликт, договор, стекнување без основа*, Просветно дело, Скопје, 2009, стр.32-49.** |

| |
|---|
| **Детална структура на тематската целина:**<br>➢ **Разлики меѓу правните системи**<br>1. Разлики што се јавуваат поради заедничките принципи<br>2. Разлики во отсуство на заеднички принципи |

## VIII. Активности на надворешни институции

| **Активности на надворешни институции** |
|---|
| |

## IX. Литература

| Задолжителна литература |
|---|
| 1. Р. Живковска, *Општ дел на граѓанското право*, Европа 92, Скопје, 2011, стр.1-87; 122-294.<br>2. Р. Живковска, Т. Пржеска, *Општ дел на граѓанското право* – Практикум, Европа 92, Скопје Просветно дело, Скопје, 2011;<br>3. Р. Живковска, Т. Пржеска, *Правни норми, промет, имот, објекти на граѓанскоправните односи и правни факти,* Европа 92, Скопје, 2017;<br>4. Џ. Гордли, *Основи на приватното право: сопственост, деликт, договор, стекнување без основа*, Просветно дело, Скопје, 2009, стр. 32-49. |
| **Дополнителна литература** |
| |

## X. Континуирано и завршно оценување

| |
|---|
| **<u>Редовни студенти</u>**<br>*Редовните студенти се должни да присуствуваат на најмалку 51% од наставата организирана за оваа предметна програма согласно распоредот за предавања.<br>*Оценувањето на редовните студенти се остварува преку континуирано и завршно оценување.<br>*Континуираното оценување се спроведува во текот на предавањата и вклучува *активност во наставата*. Студентот треба да освои најмалку 6 поени од континуираното оценување за да може да се јави на завршното оценување.<br>*Завршното оценување носи најмногу 100 поени и се состои од *завршен испит* кој се спроведува усно. При завршното оценување се земаат предвид и поените од континуираното оценување кои ја надминуваат минималната граница од 6 поени.<br><br>*<u>Објавување на поените од активност</u>*<br>*Поените од активност се објавуваат за увид на студентот два пати и тоа:*<br>*1. по истекот на 6 недела предавања и*<br>*2. по истекот на 12 недела предавања*<br><br>*<u>Пријавување на завршниот испит</u>*<br>*Секој студент е должен да го пријави полагањето на завршниот испит во соодвената сесија на начин и во рокови кои ќе бидат административно определени.*<br><br>**<u>Вонредни студенти</u>**<br>*Оценувањето на вонредните студенти се остварува само преку завршно оценување кое носи најмногу 100 поени. Завршното оценување се состои од завршен испит кој се спроведува усно.<br><br>*<u>Пријавување на завршниот испит</u>*<br>*Секој студент е должен да го пријави полагањето на завршниот испит во соодвената сесија на начин и во рокови кои ќе бидат административно определени.* |